РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
КИРО ГЛИГОРОВ
Бр. 08-367/01
16.04 2025 год.

Врз основа на Правилник за номинирање, избор и прогласување на ученик на генерација и пофалени ученици од 9 (деветто) одделение при ООУ „Киро Глигоров" Центар, Скопје бр.01-189/01 од 15.02.2024 година усвоен со Одлука на Училишен Одбор на ООУ „Киро Глигоров" Скопје бр.02-188/01 од 15.02.2024 година, претседателот на училишната комисија за избор на првенец на генерација објавува

**КОНКУРС**

**За избор на првенец на генерација 2016/2025**

Конкурсот ќе трае во период од 22.04.2025 година до 5.05.2025 година. На конкурсот имаат право да се пријават сите ученици кои во учебната 2024/2025 година се 9 (деветто) одделение при ООУ „Киро Глигоров" Центар, Скопје и коишто ги исполнуваат следниве услови:

- Кандидатот да постигнал среден успех 5.00 на крај од наставната година од IV до IX одделение;
- Кандидатот да бил оценет со примерно поведение на крајот на наставната година од IV до IX одделение;
- Да учествувал на училишни, регионални, државни, меѓународни натпревари или проекти;
- Да не бил казнуван со педагошка мерка од било каков вид во текот на школувањето во училиштето;
- Вкупниот број на неоправдани изостаноци во текот на годината да не биде поголемо од 3 (за секоја година пооделни);
- Во текот на школувањето во училиштето да покажал интерес за учество во активности, промоции и проекти за унапредување на училиштето.

**Потребни документи:**

- Лична биографија;
- Фотокопија од свидетелство од четврто до деветто (евидентен лист) одделение;
- Фотокопија од пофалници за успех и поведение, дипломи за освоени награди и потврда за учество во воннаставни активности
- Потврда потпишана од одделенскиот раководител за успехот и поведението на учениците;

Потребните документи учениците треба да ги достават до одделенските раководители во затворен плик и одделенските раководители го доставуваат пликот до архивата на училиштето. Архивата ќе ги достави до претседателот на комисијата Павлинка Цонева најдоцна до 5.05.2024 година до 12 часот. Комисијата ќе ги рангира сите пријавени кандидати според веќе утврдените инструменти за рангирање и ќе ги објави резултатите од конкурсот.

***Нецелосните и ненавреме доставените документи нема да бидат разгледувани од Комисијата.***

Претседател на комисија

Павлинка Цонева

Директор

Билјана Билбиловска

ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ КИРО ГЛИГОРОВ РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА Центар Скопје